РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 01-393/1
06. 09 2019 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19), а во врска со член 7 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на Република Македонија бр. 90/09, 12/11, 188/13, 192/15 и 147/17), директорот на Дирекција за безбедност на класифицирани информации донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА
# ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во натамошниот текст ДБКИ).

### Член 2

1. Под средства за репрезентација во смисла на овој правилник се подразбираат трошоци за симболични подароци за посебни пригоди, како предмети (сувенири) и книги кои го отсликуваат културното и историско наследство на Република Северна Македонија, нотеси, канцелариски прибор - пенкала, календари и друг репрезентативен материјал, за официјални гости кои не можат да изнесуваат повеќе од 100 евра по лице во денарска противвредност.

2. Средствата за репрезентација можат да се користат и за следните намени:

- за безалкохолни и алкохолни пијалаци, вода, кафе, напитоци од кафе, чај, апетисани и слично;
- за угостителски услуги кои се во непосредна врска со извршување на одредена службена работа (службен ручек, вечера, закуска или коктел послужување - кетеринг и слично);
- за останати намени кои имаат карактер на репрезентација (за изработка на покани, честитки, промотивни и слични материјали).

**Член 3**

1. Средствата за репрезентација може да се користат на начин и под услови утврдени со овој правилник, во согласност со актите, упатствата и процедурите со кои се уредува евиденцијата, контролата и плаќањето за оваа намена.

2. Корисниците на средствата должни се да постапуваат одговорно и економично при користење на средствата за репрезентација и да водат сметка истите да бидат во што е можно помал износ.

**Член 4**

1. Право на користење на средства за репрезентација имаат:

- директорот на ДБКИ и
- други лица кои писмено ќе ги овласти директорот.

2. Висината на средствата за репрезентација за лицето кое писмено ќе го овласти директорот, со решение ја определува директорот.

3. Секој корисник на репрезентација одговорен е за економично и целисходно трошење на средствата за репрезентација.

**Член 5**

1. Средствата за репрезентација на ДБКИ се планираат во рамки на основниот буџет, програма 10 администрација, ставка 423, потставка 423410 - прехрамбени продукти и пијалаци, ставка 426, потставка 426210 - расходи за репрезентација.

2. Средствата за репрезентација ќе се реализираат преку фактура, службена платежна картичка на ДБКИ и готовинска исплата преку благајна.

**Член 6**

1. Одделението за финансиски прашања месечно ги следи износите по корисници на правото на репрезентација согласно овој правилник и решенијата за висината на репрезентацијата и согласно утврдените намени и лимити за користење на репрезентацијата.

2. На месечно ниво се следат трошоците за репрезентација за сите намени и доколку има пречекорување на реализираните средства во однос на планираните писмено се известува директорот.

3. Со следење на трошоците за репрезентација се обезбедува наменско, рационално и економично однесување во трошењето на средства за овие намени.

## 2. СЛУЧАИ ВО КОИ СЕ КОРИСТАТ СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Член 7**

Средствата за репрезентација можат да се користат во следниве случаи:

- при посета на странски делегации (државни делегации, самостојни и независни органи на други земји, меѓународни организации и други институции), дипломатско конзуларни претставништва или мисии во Република Северна Македонија, претставници од дипломатски претставништва на ЕУ и на НАТО во Скопје;
- при посета на експерти (странски или домашни) ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;
- при работни посети во странски држави;
- одржување на работни состаноци што ги организира ДБКИ надвор од просториите на ДБКИ, на кои се присутни и претставници од други државни органи или правни лица во својство на контролори, ревизори и обработувачи (конференции за печат, работни состаноци, работа на проекти и слично);
- одржување на работни состаноци на вработените и состаноци на колегиумот;
- прием на странки за службени потреби на ДБКИ;
- други случаи за потребите на ДБКИ за кои директорот ќе донесе решение (по повод јубилеи, годишнини, празници и слично);
- организирање на обуки, семинари, курсеви и слично.

## 3. КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

### Член 8

1. Плаќањето на трошоците за користење на средствата за репрезентација се врши преку соодветна финансиска документација.

2. Направените трошоци за репрезентација овластените лица од страна на директорот должни се да ги потврдат со парафирана фактура, слип од платежна картичка, фискална сметка и сметкопотврда, како и да достават известување за реализирани трошоци за репрезентација со податоци за настанот-поводот, бројот на гостите.

3. Образецот за Известување за реализирани трошоци за репрезентација е составен дел на овој правилник.

### Член 9

Контрола и одобрување на користењето на средствата за репрезентација врши директорот по основ на репрезентација со потпишување на документот за извршена услуга.

### Член 10

1. Во случај на користење на средствата за репрезентација спротивно од одредбите и намената од овој правилник и лимитираните износи, овластеното лице кое ја направило нарачката или има пречекорени износи над определениот износ, должно е лично да ја надомести разликата од утврденото ограничување и вкупниот износ на сметката, освен ако со писмено одобрение не му биде признаен трошокот.

2. Одделението за финансиски прашања води сметка дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Буџетот и доколку се јават поголеми трошоци од планираните писмено го известува директорот.

## 4. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 11

За сè што не е предвидено во овој правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## Член 12

Изменувањето и дополнувањето на овој правилник се врши во писмена форма.

## Член 13

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

ДИРЕКТОР
Стојан Славески

Подготвил: Цветанка Трпкова Сиљановски
Контролирал: Марина Чорбеска
Согласен: Слаѓана Божиновска

Образец број 1

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

До
Дирекција за безбедност на класифицирани информации
- За директорот

## БАРАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Од ________________________________________вработен/а на работно место со
звање________________________________________________________________
Сектор за_____________________________________________________________
Одделение за ____________________________________________________ во
Дирекција за безбедност на класифицирани информации.

Барам да се одобрат средства за репрезентација во вкупен износ
од________________ денари____________________________________________
( со зборови )
за___________________________________________на ден____________ година,
во организација на Дирекција за безбедност на класифицирани информации.

Настанот е планиран по повод ______________________________________ и на
истиот е планирано да присуствуваат_____________учесници/гости, претставници
од______________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
____________________________________________________.

Скопје,___________год.

_______________________
Име и презиме, потпис

Проверил обезбеденост на финансиски средства:
Одделение за финансиски прашања:_________________________

Образец бр. 2

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

# РЕШЕНИЕ

**за одобрување на средства за репрезентација**

Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, согласно член 4 од Правилникот за користење на средствата за репрезентација во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации одобрува средства за репрезентација, по повод ______________________________________________
на ден______________година.

Се одобруваат средства за репрезентација, во висина од ______________________________________________.

( со бројки и букви )

Трошоците од ова решение да се исплатуваат програма 10 администрација, ставка 423, потставка 423410 - прехрамбени продукти и пијалаци, ставка 426, потставка 426210 - расходи за репрезентација, други тековни расходи на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, врз основа на приложена соодветна финансиска документација.

Плаќањето ќе се изврши по доставени фактури по реално доставениот трошок.
Ова решение стапува на сила со денот на донесувањето.

Доставено до:

- ДБКИ-Одделение за финансиски прашања
- ДБКИ-Архива

ДИРЕКТОР

______________________

Образец број 3

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19,110/19) директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

## ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, согласно член 4 од Правилникот за користење на средствата за репрезентација во Дирекција за безбедност на класифицирани информации, ГО ОВЛАСТУВА ________________________________ на работно место со звање____________________________________________
Сектор за____________________________________________
Одделение за ____________________________________ во
Дирекција за безбедност на класифицирани информации, да користи средства за репрезентација за службени потреби на ден__________година, во висина од ______________ денари, за __________________________ по повод ____________________________________________
____________________________________________________
____________________________________________________
________________________________________

( да се наведе видот на службената потреба )

Скопје,__________год.

Доставено:

- ДБКИ-Одделение за финансиски прашања
- ДБКИ- Овластено лице
- ДБКИ-Архива

ДИРЕКТОР

____________________

Образец број 4

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

# ОБРАЗЕЦ
# ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Јас ________________ вработен/а на работно место ______________________________,
Сектор за ____________________________________________________________________,
Одделение за ______________________________, во Дирекција за безбедност на класифицирани информации, ИЗВЕСТУВАМ дека на ден__________ година искористив средства за репрезентација во вкупен износ од _________денари, за службени потреби, поради (со зборови) ______________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________
(да се наведе видот на службената работа )
Во прилог доставувам парафирана фактура/ фискална сметка/ сметкопотврда со што ги потврувам трошоците за репрезентација.

Скопје,

Име и презиме

______________

Потпис

______________